**Каменимост Комуникации АД**
Кеј 13 Ноември бр. 6, 1000 Скопје, Македонија, Тел. +389 2 3242-052

MKT_GENERAL_ALL
2017000382990

До: **Македонски Телеком АД – Скопје**
Кеј 13 Ноември бр. 6, 1000 Скопје

За:
- г-дин Антонио Петков, овластен претставник на Владата на Р. Македонија во Собранието на Македонски Телеком АД – Скопје

Копија до:
- г-дин Панче Кралев, Претседател на Одборот на директори
- г-дин Андреас Маиерхофер, Главен извршен директор на МКТ
- г-дин Жарко Луковски, Главен оперативен директор на МКТ
- г-ѓа Славица Серафимовска, Секретаријат на Одборот на директори

Предмет:
**Предлог за избор на член на Одборот на директори на Македонски Телеком АД – Скопје**

Почитуван г-дин Петков,

Како дополнување на Предлогот за избор на членови на Одборот на директори (ОД) на Македонски Телеком АД – Скопје (МКТ), доставен до Вас на 17 март 2017 година, како овластен претставник на Каменимост Комуникации АД Скопје, мнозински акционер на МКТ, предлагам Собранието на МКТ, на својата годишна седница свикана за 24 април 2017 година:

- да го избере г-дин Андреас Елснер за Неизвршен член на Одборот на директори на МКТ со мандат од 4 години од датумот на одржување на Годишното Собрание.
  Биографијата на предложениот кандидат е приложена кон овој Предлог.

Г-дин Елснер потоа ќе биде избран од страна на ОД за Извршен член на ОД во функција на Главен извршен директор на Друштвото од 1 мај 2017 година.

Истовремено, би сакал да Ве информирам дека г-дин Андреас Маиерхофер, кој поднесе оставка од позицијата Извршен член на ОД во функција на Главен извршен директор на МКТ со важност од 1 мај 2017 година, ќе остане Неизвршен член на Одборот на директори на МКТ со мандатот за кој претходно бил избран од страна на Собранието на Друштвото.

Со почит,

Петер Жом
Овластен претставник на Каменимост Комуникации АД Скопје
потпис нечитлив

| Македонски Телеком<br>Акционерско друштво за<br>електронски комуникации - Скопје | | | |
|---|---|---|---|
| Примено: 10.04.2017 година | | | |
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 - | 127718/1 | | |

Преведено од Лингва Експерт